**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**С К О П Ј Е**

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДА

Почитувани,

Министерство за финансии, со седиште на ул: "Даме Груев", бр. 14 - Скопје, интернет адреса: www.finance.gov.mk, има потреба од набавка на услуга – осигурување на службените моторни возила на Министерството за финансии од одговорност за штети предизвикани на трети лица и осигурување на стакло.

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка со барање за прибирање на понуди за доделување на договор за јавна набавка на услуга со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) достапен на следнава веб адреса: https://www.e-nabavki.gov.mk, во согласност со член 100, став 1, алинеја 2 и член 22 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07 и 130/08), за што објави оглас број 09-1/2009.

Молиме, сите заинтересирани економски оператори да достават понуда за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка најдоцна до 30.12.2009 година, до 12 часот, исклучиво преку ЕСЈН (https://www.e-nabavki.gov.mk), притоа следејќи ги упатствата дадени во Прирачникот за начинот на користење на ЕСЈН, објавен на истата адреса во делот "Економски оператори".

Понудата испратена преку ЕСЈН треба да биде електронски потпишана од страна на економскиот оператор со користење на дигитален сертификат.

Во прилог на оваа покана е тендерската документација која ги содржи сите информации кои ќе помогнат за изработка на понудата. Тендерската документација се состои од следните делови: инструкции за економските оператори, технички спецификации, модел на договор и образец на понуда.

Лица за контакт во врска со предметот на набавката: Георги Стојков, телефон за контакт: 3222-913, електронска адреса: gjorgi.stojkov@finance.gov.mk; и Виолета Стојановска Петровска, телефон за контакт: 3117-454, електронска адреса: violeta.stojanovskapetreska@finance.gov.mk .

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши електронски преку ЕСЈН на 30.12.2009 година, во 12 часот, во просториите на Министерството за финансии на ул. „Даме Груев", бр.14 – Скопје.

Однапред благодариме на соработката.

Во Скопје,
16.12.2009 година

Комисија за јавни набавки
Претседател,
Георги Стојков